20100651175

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 21.04.2010 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПРЕВОЗ НА ДЕТЕ ВО СТРАНСТВО ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита бр. 02-16834/5 од 19 август 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/2009).

Член 2

Во насловот на одлуката и во целиот текст на одлуката зборот „дете“ се заменува со зборовите: „осигурено лице“.

Член 3

Се овластува Централната служба на Фондот за здравствено осигурување да изготви пречистен текст на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-5386/7
21 април 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.